Рудници и железарница
УСЛУГИ акционерско друштво Скопје

| Примено: 11. 12. 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност |
| 03 | 1598/1 | | |

ПЕРК РЕВИЗИЈА
Пелагониска Ревизорска Куќа

ул. „Драган Димески" бр. 19
7500, П р и л е п
Република Македонија
П. фах: 256
телефон./факс: ++389(0)48 413-856
моб.:070/208-138;
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mк

**10.12.2018 година**

До
**Рудници и железарница услуги АД**
-Скопје

Предмет: **Доставување на понуда за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2018 година на Рудници и железарница услуги АД Скопје**

**1. Предмет на понудата**

Предмет на оваа понуда се ревизорски услуги кои "Пелагониска Ревизорска Куќа" ДОО Прилеп може да ги понуди на Рудници и железарница услуги АД Скопје, во врска со Вашето барање за доставување на понуда за ревизија на годишна сметка и финансиските извештаи за 2018 година.

**2. Планирање на ревизијата**

**2.1.** Ревизијата ќе ја вршиме согласно одредбите од Законот за ревизија, барањата на сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија и меѓународните ревизорски стандарди, Законот за супервизија на осигурувањето, Законот за хартии од вредност, Кодексот на етика на овластените ревизори, како и барањата на Рудници и железарница услуги АД Скопје – субјект на ревизијата, ревизијата да биде што е можно подлабинска, пообјективна и посеопфатна. Ревизијата ќе ја вршиме во просториите на Рудници и железарница услуги АД Скопје – со преглед на книговодствената документација на лице место. **Целокупниот процес на ревизија (испитување на документацијата и пишувањето на ревизорскиот извештај) планираме да го завршиме најдоцна до крајот на јуни 2019 година**.

**2.2.** Пред да започнеме со ревизијата ќе биде потребно да ги обезбедиме следниве информации:

- Законска регулатива со која е уредена основната дејност на клиентот;
- Законската регулатива со која е уредено сметководсвеното и финансиското известување на клиентот;